Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС, Скопје
Бр. 287/10306
27.06.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24 јуни 2019 година, врз основа на примена жалба од Илија Саздовски за Интернет – порталот „Спортмедиа.мк“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 јуни 2019 година, Илија Саздовски, поднесе жалба за текстот и фотогалеријата со наслов „Следете во живо: Скопје гори за Вардар (Фото+видео), објавени на 3 јуни 2019 година, на Интернет порталот „Спортмедиа“ (www.sportmedia.mk).

Подносителот на жалбата забележува дека наведениот медиум неовластено објавил негова авторска фотографија од победата на ракометарите на Вардар во финалето на Евролигата и со тоа биле повредени неговите авторски права. Саздовски во претставката појаснува дека се работело за фотографија изворно објавена во рамките на текстот на шпанскиот весник „Марка“, која тој самиот ја споделил. Тој додава дека фотографијата, во меѓувреме, ја презел и објавил Интернет - порталот „Спортмедиа“.

*„Навистина не ми е јасно како истата заврши на нивниот медиум, можеби истата е споделувана од социјалните мрежи, меѓутоа медиумот секако нема право јавно да ја објавува“,* посочува Саздовски во поднесената претставка.

Тој до Советот за етика испрати и принтскринови од спорната фотографија, како и дел од комуникацијата со „Спортмедиа“, во која тој реагира за објавената фотографија.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со Интернет - порталот „Спортмедиа“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот одговори дека поднесената жалба е неоснована и дека оспорената фотографија воопшто не е авторско дело на подносителот на претставката, Илија Саздовски. Од „Спортмедиа“ појаснуваат дека тие, всушност, пренеле принтскрин од шпанскиот весник „Марка“ и дека, поради тоа, фотографијата може да биде авторско дело само на овој медиум.

*„Лицето преку Вибер ја пуштило таа фотографија, потоа некој од неговата „Вибер - група“ ја ставил во оптек на „Фејсбук“ и оттаму нашиот новинар ја презел на задоволство на нашите читатели, секако, на задоволство на вас и посочениот господин зашто станува збор за славје на нашиот европски првак РК Вардар“,* посочува Интернет - порталот во одговорот на жалбата.

Иако сметаат дека не го нарушиле интегритетот на подносителот на жалбата, од „Спортмедиа“ предложија да ја отстранат спорната фотографија од нивната веб - страница за да ги надминат недоразбирањата, што воедно беше прифатено од страна на Саздовски во рамките на процесот на медијација, покренат од Советот за етика.

На седницата одржана на 24 јуни 2019 година, Комисијата за жалби го затвори случајот како резултат на помирување меѓу страните.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот случај на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и соработка во идните спорови.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКА ПРЕС * Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595